Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за дигитална трансформација
Ministria e transformimit dixhital
Бр. - Nr 04-1562/9
28.07.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) државниот секретар во Министерството за дигитална трансформација донесе

**ОДЛУКА**
**за избор по интерен оглас број 01/2026 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за дигитална трансформација**

1. **Раководител на одделение за стратешко планирање, во Одделение за стратешко планирање и шифра на работно место УПР0101Б04000, во подгрупата на државни службеници– 1 извршител**, се избира: **Тина Тутевска Трајковска.**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски број 19-4701/2 од 03.07.2026, државниот секретар упати барање број 04-1562/1 од 13.07.2026 година, за објавување на Интерен оглас за унапредување на еден административен службеник во Министерството за дигитална трансформација до Одделението за управување со човечки ресурси врз основа на кое се објави интерен оглас број 01/2026 година за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за дигитална трансформација објавен на ден 16.07.2026 година на веб страниците на Министерството за дигитална трансформација и Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници од точка 1 на оваа одлука, Комисијата за селекција за унапредување на еден административен службеник, формирана од страна на државниот секретар со Решение 04-1562/6 од 27.07.2026 година, спроведе административна селекција и изготви Записник од административна селекција број 04-1562/7 од 28.07.2026 година, за интерен оглас број 01/2026 за унапредување на (еден) административен службеник. Врз основа на Записникот за административна селекција односно Списокот на кандидати кои продолжуваат на интервју по интерен оглас број 01/2026 за унапредување на 1 (еден )административен службеник во Министерството за дигитална трансформација, државниот секретар спроведе интервју со уредниот кандидат кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за дигитална


Министерство за дигитална трансформација на Република Северна Македонија
Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

трансформација. За спроведеното интервју е составен Записник од спроведување на интервју на раководни работни места за интерен оглас број 01/2026 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за дигитална трансформација, број 04-1562/8 од 28.07.2026 година. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, како и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за интерен оглас број 01/2026 за унапредување на 1 (еден) административен службеник државниот секретар во Министерството за дигитална трансформација донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот од точка 1 на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
**Гордана Клинчарова**

Република Северна Македонија / Министерство за дигитална трансформација / Republika e Maqedonisë së Veriut / Ministria e Transformimit Digjital / Скопје / Shkup

**Доставено до:**
- Кандидатот
- Одделението за управување со човечки ресурси
- Архива



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk